**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”**
Ул. Влае Бр. 42 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Денарска сметка**:
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

# ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ ЗА ПОМОШ НА БЕЗДОМНИЦИ, СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА И ПОЕДИНЦИ ЉУБЕЗНОСТ – СКОПЈЕ ВО 2018 ГОДИНА

Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност од Скопје кое е основано на 9.1.2015 година, во оваа година одбележа три години постоење. Љубезност активно работи во областа на социјалната заштита, давајќи помош и други услуги на своите конституенти: бездомните и социјално загрозените граѓани. Во оваа година нашето здружение започна да го проширува нивото на дејствување од регионално (на територијата на Скопскиот регион) на национално ниво.

Визија на Здружението е да бидеме најактивни чинители во процесот на ресоцијализација и реинтеграција на социјално загрозените лица во земјата.

Мисија ни е континуирана едукација, помош и поддршка на социјално загрозените лица во нивниот процес на реинтеграција. Последната година работиме на вмрежување со здруженија, институции и компании.

Стратешки цели на Здружението се:

1. Хуманитарна помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци
2. Посета и помош на самохрани мајки и деца
3. Посета и помош на стари, изнемоштени и болни лица
4. Водење грижа за квалитетот на работата на своите членови и нивно постојано учество на собири во земјата и надвор од неа
5. Издавање публикации со кои се дава увид во работата на Здружението
6. Развивање соработка со сите слични здруженија во државата и надвор од неа.

Овие цели се остваруваат на следните начини:

1. Преку координирање на работата на членовите
2. Преку организирање на хуманитарни настани
3. Преку организирање семинари и работилници за членовите
4. Преку организирање едукативни предавања и доквалификација за штитениците

5. Преку соработка со домашни и странски здруженија кои имаат слични определби во своето работење и
6. Вршење и на други работи во согласност со овој Статут и Законите на Република Македонија

Во текот на календарската 2018 година Здружението Љубезност во целост се водеше од својата мисија и својата визија и сите спроведени активности беа усогласени со нив и беа насочени кон остварување на нашите стратешки цели.

Во оваа година нашето здружение забележа значаен организациски раст и развој, со тоа што се зголеми обемот на активности кои беа спроведувани и во претходната 2017 година, а нашето работење се карактеризираше со концентрична диверзификација на активностите, односно се збогати со нови активности поврзани со оние од претходната година. Во оваа година Љубезност се збогати и со неколку нови вработени и волонтери, се зголеми и обемот на донации и на приходи на здружението, а успеавме да добиеме и неколку нови грантови од институционални донатори и со тоа да реализираме неколку донаторски проекти.

Согласно статутот, со Љубезност раководи претседателот на здружението Тони Станковски и Извршниот одбор од пет члена во состав: Тони Станковски, Михајло Гурев, Македонка Аризанова, Игор Богатиноски и Дехран Хајдар. Под раководство на претседателот на здружението имаме програмски кадар и оперативен тим кој е во променлив состав кој одговара на моменталните потреби и можности на нашата организација.

## САМОСТОЈНИ АКТИВНОСТИ

1. **„Седмични топли оброци за бездомниците"** – веќе пет години традиционално секоја сабота се делат по околу 200 топли оброци на бездомниците во Скопје на главната локација кај спомен домот на Мајка Тереза и на уште неколку локации во градот каде престојуваат бездомници. Во акцијата активно учество земаат компании (Везилка, Адора, Жито Лукс и други), организации, и граѓани како донатори на храна или како волонтери во подготовка на храната или во нејзината дистрибуција. Во текот на целата годината вкупно се поделени околу 10 000 топли оброци.
2. **Посети на социјално загрозени семејства во нивните домови** – во текот на работните денови во поголемиот дел од 2018 година посетувавме социјално загрозени семејства и донираме пакети со храна, облека и покуќнина. Во континуитет посетивме повеќе од 250 семејства во текот на годината. При посетите најпрво ги детектираме потребите на секое индивидуално семејство посебно и потоа од нашиот магацин земаме пакет со донации кои се најсоодветни за задоволување на овие потреби.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Ул. Влае Бр. 42 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Денарска сметка**:
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

3. **Собирање донации во мебел, облека, постелнина, храна и средства за хигиена од домовите на граѓаните.** Поврзано со претходната активност, Љубезност во континуитет собира материјални донации од семејствата кои сакаат да донираат. Самите семејства не контактираат по телефон или преку Фејсбук страната на нашето здружение нудејќи да донираат мебел кој не им е потребен, вишок храна која ја имаат и слично. Периодично лепиме и плакати информирајќи ги граѓаните за оваа наша активност. Овие донации се подигаат од домовите на овие семејства од страна на мобилен тим на нашето здружение. Донациите потоа им се донираат на социјално загрозените семејства при нашите посети на нивните домови. Како логистика и за поврзување на подигањето и делењето донации имаме магацин каде се примаат, складираат, класифицираат и препакуваат материјалните донации за потоа да им се поделат на оние на кои им се потребни.
4. **Новогодишна и божиќна трпеза за бездомниците.** На почетокот на годината во два наврати, прво непосредно по Нова година и потоа непосредно по Божиќ, собиравме храна од домаќинствата и така добиената храна им ја делевме на бездомниците, за и тие да добијат и да почувствуваат нешто од атмосферата на Новогодишните празници. Беа поделени вкупно 50 оброци. На оваа активност кон крајот на 2017 година и претходеше анимација на граѓаните да донираат преку апели на телевизија и на социјалните медиуми, по што во комуникација со заинтересираните граѓани беше направен распоред за собирање и делење на донациите.
5. **Сезонски собирни пунктови.** Во октомври 2018 имавме вкупно осум пунктови на четири локации во Скопје, во непосредна близина на маркетите Тинекс Зебра, Тинекс Карпош 3, Веро Аеродром и Веро Кисела Вода, односно по два дена на секоја локација – во недела и во вторник. За потребите на собирните пунктови, според планираното беа испечатени и залепени плакати, а на лице место беа делени информативни летоци. Како логистика и дополнување на активностите на пунктовите, имавме пренос и складирање на донациите, а имавме и претходно подготвен список на семејства и организации за брзо и ефикасно прераспределување и донирање на добиените материјални донации на пунктовите. На осумте собирни пунктови беа собрани следниве количини на донации:
   - Храна: 546,117 кг.,
   - Хигиена:129,834 кг.,
   - Облека: 5.110,063 кг.,
   - Обувки: 820 пара,
   - Постелнина: 749,504 кг.,
   - Душеци: 14 парчиња и
   - Играчки: 93 кг.

Оваа година за прв пат организиравме собирни пунктови пред два маркети и на плоштадот во Струмица и бевме задоволни од посетителите и собраните материјални донации:

- 296,35 килограми храна и
- 29,87 килограми средства за хигиена.

На пунктовите беа ангажирани вкупно 10 волонтери од локалната заедница.

6. **Помош и поддршка на социјално загрозените** во процесот на добивање документи, остварување на правата од областа на социјалната заштита и нивно застапување пред надлежните институции.
7. Поврзано со претходното, **поддршка и помош на самохрани родители** во процесот на добивање документи, заштита од семејно насилство, хуманитарна помош и посредување при вработување.
8. **Бесплатни обуки за зголемување на конкурентноста на пазарот на труд за социјално загрозени граѓани.** Оваа година имавме посебни групни обуки на следните теми:
   - Свесност за себе и за сопствените предности и слабости (Џо Харе прозор)
   - Изработка на работна биографија (Curriculum Vitae)
   - Изработка на мотивациско писмо (cover letter)
   - Пристапи за настап на интервју за работа.

   Низ овие обуки поминаа повеќе од 10 лица. Освен обуките, постојано во текот на целата година, вработените во нашето здружение по потреба и на барање на нашите членови и конституенти им изработуваат индивидуални работни биографии со кои тие можат да се пријават на отворени огласи за работа.
9. **Посредување за вработување.** Како надградување на претходната активност, во текот на 2018 година имавме поединечни успешни случаи на вработување, а во последните два месеци во тек е преговарање и селекција за вработување на 20 потенцијални кандидати од групата на бездомни и сиромашни семејства една компанија од Скопје со директно посредување на нашето здружение. Досега во компанијата е вработено едно лице, но овој процес ќе продолжи и во 2019 година.
10. **Програма за волонтери** – Како и претходните години, и оваа година продолживме со вклучување на сите категории на граѓани кои се заинтересирани да соработуваат со нас и на било каков начин да се вклучат во активностите на нашето здружение и да придонесат кон нашите цели. Нашата програма за волонтери, иако неформална, е сеопфатна и вклучува ангажирање на волонтери кои ги собираат донациите дадени од членови, граѓани и компании и нивно дистрибуирање до домовите на социјално загрозените семејства. Други волонтери се дологорчно ангажирани во магацинот на нашето здружение а трети во готвење и дистрибуција на седмичните топли оброци. Некои волонтери се ангажираат само повремено за еднократни активности или активности кои што се повторуваат, како што се лепење плакати и сезонски

собирни пунктови. Накратко, волонтерите се клучен елемент и клучен ресурс во работењето на Љубезност, вклучени се во сите активности и области на работењето на здружението и без волонтери ние не би можеле да функционираме на начинот на кој што сега функционирме.

11. **Граѓански ангажман.** Во нашето работење ние воведовме пракса на активно вклучување на нашите конституенти (бездомници и социјално загрозени лица) во активностите на нашето здружение на различни начини. Меѓу другото, ние ангажиравме тројца бездомници како општи работници за соодветен надомест во еден од нашите проекти. Задоволни сме од нивните постигнувања и имаме намера истите луѓе во иднина повторно (доколку сме во можност и трајно) да им дадеме работен ангажман, а планирме да вклучиме и други како нив.

## ПАРТНЕРСКИ АКТИВНОСТИ

1. **„Подај рака" –** на територијата на Кавадарци и Неготино во почетокот на јули 2018 година беа посетени 52 семејства во рок од една седмица и им беа донирани 5 комбиња со различни донации.
2. **„Нахрани 10.000"** на 6 Септември каде што во 10 градови во Македонија со 27 Здруженија. Беа собрани 7,38 тони храна (22.158 оброци) со поддршка на 255 волонтери.
3. **„Светски ден на борба против сиромаштијата"** на 16 Октомври каде што во 8 градови во Македонија со 22 Здруженија. Беа собрани 6,2 тони храна (20.460 оброци) со поддршка на 172 волонтери. Храната беше наменета за бездомните и социјално загрозени семејства во месеците што следеа.
4. **„Рециклирај и донирај"** –Во соработка со компанијата Сунилeнс собираме отпадно масло за јадење од домаќинствата, а во замена донираме свежо сончогледово масло на сиромашните. Во периодот мај 2017 – декември 2018 год. собрани се 2.800 кг отпадно масло за јадење и донирани 263 л. свежо сончогледово масло, 1,900 граѓани се вклучиле во процесот на собирање, а 457 граѓани минимум еднаш вратиле полна кантичка со отпадно масло.
5. **Новогодишни пакетчиња од срце.** Во јануари 2018 година беа поделени 1.084 пакетчиња на деца од социјално загрозени семејства .
   Во декември 2018 год. заедно со ГРАБИТ – Скопје и Твитер заедницата сме дел од платформата за донирање на новогодишни пакетчиња преку интернет и се подготвивме за донирање на новогодишни пакетчиња на почетокот на 2019 година.
6. **Соработка со компанијата ЦМИкс** во текот на целата година. Редовно месечно финансирање за покривање на тековните трошоци поврзани со седмичните топли оброци за бездомниците.

7. **Соработка со Жито Лукс.** Редовни неделни донации во леб за потребите на седмичните топли оброци за бездомниците во текот на целата година.
8. **Соработка со Адора Инжинеринг.** Редовни седмични донации на 25 оброци преку платен кетеринг.
9. **Соработка со Сунилен с.** Редовни месечни донации од 32 литри масло за јадење.
10. **Поединечна соработка и донации од следните претпријатија:** Гемелине, Хазелт, Пасворд Продакшн, Рирорд Гејтвеј, Тајм Сејвер, Виталија, Комерцијална Банка, Лакшми, Маркт, Мрежа ДОО, Нептун и Триглав Осигурување.
11. **Општини Струмица и Ново Село.** Соработка околу помош и поддршка на социјално загрозено семејство.
12. **Прифатена заложбата на „Љубезност“** за создавање на Регистер на бездомници и сиромашни, во чие создавање главно место има нашето здружение, а под покровителство на МТСП (Министерство за труд и социјална политика).Реализацијата на оваа заложба е отпочната со внес на податоци во базата која евентуално ќе прерасне во идниот Регистер на бездомници и сиромашни.
13. **Предложена заложбата на „Љубезност“** за создавање на Регистер на движен и недвижен имот во државна сопственост , со цел да се стави на располагање како ресурс во реализирање на програми и проекти во социјалната сфера.
14. **Соработка со Гимназиите Нова и Никола Карев** во организирање на заеднички и посебни активности за собирање на донации во храна, облека и останато и нивно волонтерско учество во нивно донирање на крајните корисници.

## ДОНАТОРСКИ ПРОЕКТИ

1. **“Мобилизација на граѓанството и на локалните заедници за помош и поддршка на бездомниците и социјално загрозените лица во зимскиот период 2017 -2018 година“.** Преку програмата Цивика Мобилитас во периодот од ноември 2017 до март 2018 година успешно спроведовме акција на помош и поддршка на бездомниците. Вкупниот реализиран буџет на проектот изнесуваше 391 050 денари.

   Основна цел на акцијата беше вклучување на граѓаните во обезбедувањето помош и подршка на бездомниците и социјално загрозените во зимскиот период.

   Во рамките на проектот беа реализирани следните активности:

   – Информативна кампања (врата до врата) за собирање донации од граѓаните на Скопје. Во рамките на оваа активност беше спроведено лепење на плакати по куќи и згради по два дена на територијата на секоја од осумте скопски општини: Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Чаир и Бутел.

- Организирање на мобилни пунктови на територијата на осум општини во Скопје. По завршувањето на информативната кампања, мобилна патронажна служба собираше донации од домовите на сите граѓани кои пројавија интерес да донираат. Оваа активност траеше по два дена во секоја од осумте горенаведени општини
- Складирање, класифицирање и транспорт на донациите. Со оваа активност беше вршен прием на донации во нашиот магацин, нивно складирање и подготовка за достава до крајните корисници.
- Организирано делење храна - групно (неделно) и по домови (дневно).
- Дневни посети на засолништа и домови за носење помош. Секој ден се врши обиколка на местата каде престојуваат бездомни лица и семејства (дом Ранка Милановиќ, дивата населба под Кале, Автокоманда, бараките кај старата општина во Бутел и на други места) и два дена во седмицата посета на по пет социјално загрозени семејства.
- Патролни обиколки преку ноќта за згрижување на бездомници и носење помош. Извршени се 120 ноќни обиколки при што се посетувани бездомници и упатувани кон шелтер центри.

Со спроведените активности беа постигнати следните резултати:

- Воспоставени 4 пунктови за собирање на храна, средства за хигиена, топла облека, обувки, постелнина, душеци, јоргани и ќебиња од локалната заедница. (овие пунктови се одржаа во 2017 година)
- Обезбедена поддршка во храна и добра за бездомниците и социјално загрозените семејства и поединци во Скопје
- Подобрена соработка со прифатните центри во згрижувањето на бездомници.

Во нашето работење и во извршувањето на горенаведените активности од акцијата се потпиравме на работа на терен, директни контакти со крајните корисници (бидејќи е тешко да се контактира на поинаков начин со нив) поткрепени со логистика од магацинско работење, контакти и прибирање на информации преку социјалните медиуми и креирање на база на податоци (во која се вклучени пред се квантитативни и во помала мера квалитативни податоци) за да имаме подобар увид во нивните потреби и во локациите на кои тие се наоѓаат. Користење на социјалните мрежи како алатка не само за информирање туку и за дневна комуникација со донатори, наши поддржувачи и следбеници на фејсбук кои не поврзуваат со потенцијални социјално загрозени семејствоа и поединци. Исто така и за директни контакти со самите семејства. Дополително се потпиравме на социјалните медиуми, но и на надворешно рекламирање (лепење плакати) за да ги придобиеме и мобилизираме граѓаните да се вклучат во нашата акција.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Ул. Влае Бр. 42 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Денарска сметка**:
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

2. **„Мобилизација на граѓанството и локалните заедници за подршка и помош на бездомниците и социјално загрозените во 2018“** во соработка со Град Скопје**.** Овој проект го реализиравме во периодот јуни – декември 2018 со финансиска поддршка од Градот Скопје. Вкупниот реализиран буџет на проектот изнесуваше 299 700 денари.
   Цел на проектот беше поттикнување на граѓанскиот активизам, вклучување на локалната самоупрама, медиумите и компаниите во активности за помош и подршка на бездомниците и социјално загрозените во текот на 2018 година.
   Спроведени активности:

   - Топол оброк за бездомниците на седмично ниво. Еднаш седмично односно секоја сабота од 14 до 15 часот пред Спомен домот на Мајка Тереза се дели топол оброк на бездомниците континуирано во изминатите пет години. Секој петок во соработка со Ретвитни оброк се готви храна и се комплетираат готови оброци кои се делат наредниот ден. Дополнителни оброци добиваме од поединечни граѓани, од компании и од вишок храна од организирани настани кои се одржуваат во ресторани и хотели. Во сабота готовите оброци се транспортираат пред Спомен домот на Мајка Тереза кој се наоѓа во центарот на Скопје и таму се делат на бездомниците и на социјално загрозените лица, а после овој настан преостанатата храна се дели на повеќе локации во градот каде што привремено претстојуваат или се движат бездомните семејства и поединци, а најчесто кај Дрво Декор, Даре Џамбаз, Градска Болница, Социјални згради во Бутел и во Волково. Дополнително, во некој друг ден од седмицата собираме храна која останува како вишок од некој настан, конференција или свеченост од некој хотел или ресторан и ја донираме на бездомниците во центарот на градот или во „Ранка Милановиќ“, „Момин Поток“, „Под Кале“ и во Прифатниот центар за бездомници во Визбегово каде што живеат бездомни семејства.
   - Посети, помош и поддршка на социјално загрозени семејства во нивните домови. Преку социјални медиуми и директни контакти се запознаваме со потребите и со адресите или локациите на граѓаните на кои им е потребна нашата помош. Претходно собраните средства сега треба да им се доставaт на крајните корисници. Во зависност од претходно евидентираните потреби на семејствата и поединците, се вршат посети секој ден или секој втор ден со правење на претходна маршрута на поминувања со цел оптимизација на трошоците за транспорт. Покрај оваа организација на посети, секоја сабота со делењето на топол оброк на бездомниците во центарот на Скопје, редовно се доставуваат донации во облека, обувки, постелнина и други материјални донации. Најголемиот дел од материјалните донации кои ги даваме за поддршка на социјално загрозени семејства ги добивме од сродни проекти во соработка со Конект, Сун採ленс, Жито Лукс, ЦМИкс, Сите сити и Ретвитни оброк. Дополнително, нашето здружение во својот состав има социјален работник кој секогаш кога има потреба за тоа ги посетува

домовите на социјално загрозените семејства и им обезбедува разни видови професионална поддршка.

- Дополнителни активности. Ова се разновидни континуирани активности кои ги зголемуваат капацитетите на здружението и квалитетот на нашите услугите и со тоа индиректно придонесуваат кон зголемен бенефит за нашите корисници.

Постигнати резултати:

- Вкупно се поделени 5066 топли оброци на бездомници и социјално загрозени лица.
- На бездомници и социјално загрозени семејства и поединци им се донирани:
  - 1 806,12 килограми храна
  - 231 литар масло за јадење
  - 9 736,15 килограми облека
  - 440 пара обувки
  - 461,25 килограми постелнина
  - 39 парчиња мебел
  - 1 480 парчиња пелени
  - 7 апарати за домаќинство
  - 5,25 килограми средства за хигиена
  - 2 кубни метри дрва за огрев
  - 2 лаптопи и
  - 1 мобилен телефон
- Овие материјални средства им се донирани на вкупно 944 семејства, поедници и институции.

- Истовремено од разни извори се собрани следните материјални донации:

  - 2 280,927 килограми храна (овде не е влкучена храната добиена за седмичните топли оброци за бездомниците)
  - 6 634,428 килограми облека
  - 888 пара обувки
  - 930,554 килограми постелнина
  - 37 душеци
  - 129,834 килограми средства за хигиена
  - 82 парчиња мебел и
  - 25 апарати за домаќинство
- Како дополнителна поддршка на социјално загрозените семејства дававме услуги на социјален работник од нашето здружение. Вкупно, нашите корисници ги имаат добиено следните услуги:

  - Психосоцијална поддршка и советување на 62 лица
  - Посредување при вработување на 25 лица
  - Меѓуинституционална поддршка на 55 лица

- Изработка на работна биографија на 16 лица
- Нега, институционална поддршка и застапување на 6 лица
- Сместување на 7 лица во домови и шелтери

3. **„Прибирање на средства за помош на бездомници и сиромашни"** - Овој проект беше дел од програмата за регрантирање во рамките на проектот „Промени за одржливост" на Здружението Конект, а беше финансиран од програмата ИПА на Европската Унија.

   Проектот беше реализиран во периодот јуни 2018 – април 2019 година, а неговиот вкупен реализиран буџет изнесуваше 356 600 денари, од кои 301 532 денари беа искористени во текот на 2018 година.

   Цел на проектот беше да се соберат материјални и финансиски средства од заедницата кои ќе се искористат за поддршка на сиромашните

   Целни групи од кои се прибираа материјални и финансиски средства и од кои добивме подршка се: граѓаните, големите маркети, компаниите и медиумите, а директно учествува студенти, волонтери и други здруженија.

   Крајни корисници беа 300 бездомници и 800 најгорливи случаи на социјално загрозени семејства и поединци.

   Во рамките на проектот беа спроведени следните активности:

   – Комуникација со јавноста, и тоа: учество на ТВ емисии и прилози на телевизија, статии во печатени медиуми и веб портали, објави на социјални мрежи, комуникација со маркети и договарање локации за поставување донаторски кутии, информативни плакати и етикети на донаторските кутии и информативни плакати за собирни пунктови

   – Собирање на финансиски средства од граѓаните преку донаторски кутии, која се спроведуваше во следните фази: изработка на донаторски кутии, поставување на донаторските кутии, собирање на средствата од донаторските кутии и конечно употреба на финансиските средства

   – Собирање на материјални средства од граѓаните кое се реализираше преку: активности на сезонските собирни пунктови, собирање на донации од домовите на граѓаните, магацинско работење и донирање на материјалните средства

   – Собирање средства од компании и други организации преку директни контакти кое се спроведуваше во следните фази: развивање на модели на поддршка, иницијални контакти, деловни состаноци, преговарање и склучување договори распределба и употреба на добиените средства

Поважни постигнати резултати до крајот на 2018 година:

- Добиени се одобрувања за поставување на донаторски кутии на 8 локации во Скопје
- Добиени материјални донации преку собирање на донации од домовите на граѓаните. Во септември и во првата половина од ноември се собрани вкупно 1734,81 килограми храна, 594,165 килограми облека, 68 пара обувки, 103,7 килограми постелнина, 17 душеци, 4 теписи, 5 килограми играчки, 39 парчиња мебел и 11 апарати за домаќинство од 54 домови на граѓаните. Превозот се врши со товарно возило а во пренесувањето учествуваат и тројцата соработници за собирање донации од домовите на граѓаните.
- Употреба на донираните материјални средства. Истовремено на бездомниците, социјално загрозените лица и поединци им се донирани 2505,44 килограми храна, 4617,5 килограми облека, 111,5 килограми постелнина, 76 пара обувки, 640 пелени, 18 парчиња мебел и 2 апарати за домаќинство и тоа 1170 пати на бездомни лица и на 154 социјално загрозени семејства.
- Претпријатието Риворд Гејтвеј донираше храна во вредност од 20 000 денари

4. **„Restoring dreams to tackle loneliness"** – Обновување на соништата за справување со осаменоста е меѓународен истражувачки проект заедно кој нашето здружение го спроведува заедно со партнери од Холандија, Шпанија, Франција, Унгарија, Чешка и Белгија. Проектот е финансиран од програмата Ерасмус плус на Европската Унија. Во 2018 година се реализирани само подоготвителни активности, а главните проектни активности се планирани за 2019 и 2020 година.

   Потреби кои ги адресира проектот:

   - Недостиг од знаење и информации за разбирање на феноменот на осаменост
   - Недостиг од обуки за социјални работници во врска со осаменоста и
   - Недостиг од методи и алатки за справување со осаменоста

   Специфични цели:

   - Да се збогати понудата на бесплатни алатки кои придонесуваат кон професионален развој на социјалните работници на полето на осаменоста
   - Да се создаде долгорочна програма за обуки на возрасни ученици и да се изврши евалуација на конечните резултати
   - Да се користат компјутерски алатки за да се фацилитаира ангажманот на вработените со возрсни ученици
   - Да се зголеми нивото на дигитални вештини кај возрасните ученици и да се охрабрат истите да користат повеќе дигитални алатки
   - Да се промовираат модули и алатки за обуки кај професионалците кои работат на терен на национално и на меѓународно ниво

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Ул. Влае Бр. 42 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Денарска сметка**:
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Целна група се социјалните работници и другите професионалци вработени во организациите партнери, а крајни корисници на акцијата се возрасните ученици кои се дел од од проектот "Housing first" и останатите бездомници кои се борат со осаменоста.

5. **CEED Hub програма** – развој на проект во областа на социјално претприемништво. Инициран проект „Sweet & Fit"(слаткарница за здрави благи) каде што на конкурсот од страна на „Млади инфо" – SIA се здобивме со прва награда во висина од 2 000 евра.

## УЧЕСТВО НА НАСТАНИ И РАБОТНИ ГРУПИ И ВМРЕЖУВАЊЕ

1. **Вмрежување** со други иницијативи за готвење храна за бездомниците, асоцијации на студенти, платформи за донирање на храна, институции од локална самоуправа, институции од централна власт, други здруженија , маркети, компании и секојдневни дирекни контакти со граѓаните.
2. Во текот на 2018 година Љубезност влезе во **регистерот на здруженија од областа на социјалната заштита на Министерството за труд и социјална политика.**
3. **Учество во работна група за подготовка на предлог законот за донирање на вишок храна** (под водство на Национален Демократски Институт).
4. **Активно учество во отвореното владино партнерство** со сопствени предлози и заложби.
5. **Соработка со мрежата на Ајде Македонија – Сите сити** за донирање на вишок на храна од правни субјекти.
6. **Членство во мрежата за финансиска одржливост на граѓанските организации.**
7. **Соработка со мрежата на ВСС Ефект – Банка за храна** во делот на донирање на вишокот храна која мрежата повремено ја обезбедува.
8. **Учество во Стратегијата на Владата на РСМ „Едно општество – интеркултурализам".**
9. **Учество во Мрдни со прст** – платформа која ја сочинуваат голем број граѓански организации кои дејствуваат на различни полиња. Мрдни со прст дејствува на национално ниво и опфаќа повеќе општествени сфери.
10. **Учество на преку 100 состаноци и други настани** на кои присуствувале претставници на други граѓански организации, централна и локална власт, претпријатија, странски претставништва и меѓународни организации.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Ул. Влае Бр. 42 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Денарска сметка**:
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## МЕДИУМИ

Активностите на Здружението на граѓани Љубезност во текот на 2018 година повеќепати беа објавувани во печатени, електронски и интернет медиуми, а наши членови имаа неколку гостувања во телевизиски емисии. Во март 2018 Алсат имаше прилог за активноста на Љубезност во рамките на Мрдни со прст. Во јуни на Сител и ТВ Вис имаше прилози за организирање собирни пунктови во Струмица. Во истиот месец во утринската програма на 24ТВ имаше презентација на активностите поврзани со Рециклирај и донирај. Истиот месец на порталот Фактор.мк објава за седмичните топли оброци и другите активности на Љубезност. Во септември Сител објави прилог поврзан со сторијата на Љубезност за бездомникот чичко Цобе. Во октомври, на МТМ имаше објава за сезонските собирни пунктови. Во декември на МРРА Радио Скопје 1, Отворено на Алфа и Канал 5 имаше поопширно за нашите активности во текот на годината со акцент на активностите во декември и јануари.

## ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2019 ГОДИНА

1. Подготовка на предлог проекти за аплицирање на јавни повици за грантови од ВСС Ефект, МЦМС, Град Скопје, Цивика Мобилитас, МИМ, Вишеградски фонд и други институционални донатори
2. Продолжување со спроведувањето на проектот „Прибирање средства за бездомници и сиромашни во рамките на програмата „Промени за одржливост" на Конект и негово завршување до април 2019 година
3. Продолжување со спроведувањето на проектот за справување со осаменоста кој е дел од програмата Ерасмус плус во текот на целата 2019 година
4. Отпочнување на активностите за помош и поддршка на бездомниците и социјално загрозените лица во зимата 2019/2020 година во партнерство со АДРА а со финансиска поддршка од SEEUCITED
5. Продолжување на соработката и финансиската поддршка од Град Скопје во текот на 2019 година
6. Проширување на нивото на дејствување на здружението од регионално (на територијата на Скопскиот регион) на национално ниво преку дејствување и во други градови (Кавадарци, Неготино, Струмица и Кочани)

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Ул. Влае Бр. 42 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Денарска сметка**:
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

7. Продлабочување на соработката со постојните партнерски здруженија, институции и компании (ЦЕЕД, Сунilenс, Жито Лукс, Конект, МТСП, Црвен Крст, Здружение Доблест, Здружение Доверба, Порака Неготино, Проект Среќа, Ајде Македонија, Банка за храна, Сите сити, Арно, Дама Ел, Фрешис, Го Грин, Ретвитни Оброк, МЗТ Пумпи, Волонтерски Центар Скопје, Грабит, Билборд МК, Центар за одржливи иницијативи, Тајм Сејвер, Дневен Центар Шуто Оризари, Мрдни со прст, Амберела, ЈУ МЦСР Скопје, ЦМИкс, Адора Инжeнеринг, Амбасада на САД, ХАЦ Македонија, Гимназија Нова, Никола Карев и останатите)
8. Отпочнување соработка со нови партнерски здруженија, институции и компании во 2019 година
9. Наоѓање нови начини за прибирање средства од индивидуални донатори (од граѓани)
10. Сезонско собирање на донации за бездомници и социјално загрозени семејства преку собирни пунктови и од домовите на граѓаните во 2019 година
11. Собирање донации и поделба на пакетчиња на деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители во 2019 година
12. Зголемување на обемот на сите други самостојни активности кои ги имавме во 2018 во наредната 2019 година
13. Изградба и отворање на Центар за социјална реинтеграција во партнерство со Град Скопје и Амбасадата на САД
14. Продолжување и зголемување на бројот на компании во посредувањето при вработување социјално загрозени лица во една компанија од Скопје која има потреба од работници
15. Планирање на обуки и тренинзи за личен раст и развој
16. Учество на обуки за градење на капацитетите на здружението
17. Воведување нови внатершни правила и проецедури во работењето на нашето здружение
18. Самостојно аплицирање на европски проекти за програмите ИПА 2 и Ерасмус плус.

Скопје, 31.12.2019 година

ЗГ Љубезност

| | |
|---|---|
| Изработил | Одобрил |
| Димитар Илчов | Тони Станковски |
| ______________ | ______________ |